**26. Александар СПАСОВ, „РАЈКО ЖИНЗИФОВ. ЖИВОТ И КНИЖЕВНА ДЕЈНОСТ“.** Одбраната се изврши на 3 јули 1959 година. Дисертацијата содржи 160 страни.

За обработување на својата дисертација докторандот истражувал во 11 установи каде можело да се најдат материјали за Рајко Жинзифов и како резултат на тоа биле пронајдени нови податоци за неговиот живот и книжевна дејност.

**27. Блаже РИСТОВСКИ, „КРСТЕ МИСИРКОВ — ЖИВОТ И ДЕЛО“.** Дисертацијата е одбранета на 20 март 1965 година. Дисертацијата содржи 602 страни со збиен проред.

Во оваа дисертација е изложен животниот пат и постојаната борба за афирмација на македонската национална мисла на најборбениот македонски родољуб и прв вистински македонски научник Крсте П. Мисирков, вклопени во развојот на политичката и националната историја на македонскиот народ во последната деценија од минатиот век и првата четвртина на ова столетие. Таа претставува убав придонес за нашата национална наука. Во неа е насликан животот на македонскиот народ во овој временски период.

**28. Драган ТОДОРОВСКИ, „ВЕДА СЛОВЕНА“.** Дисертацијата е одбранета на 23 ноември 1965 година. Таа содржи 176 на машина отчукани страни.

Во оваа дисертација докторандот им одрече секаква уметничка вредност на стиховите на „Веда Словена“ коишто се појавија во II половина на XIX век под авторство на Гологанов. Тристате илјади стихови, според докторандот, полни се со мистификација.

## V

### Дисертација од историја на педагогијата

**29. Ристо КАНТАРЏИЕВ, „ШКОЛСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ДО 70 ГОДИНИ НА XIX ВЕК (Со особен осврт на македонското преродбенско училиште)“.** Дисертацијата е одбранета на 1 октомври 1960 година. Таа содржи 353 страни, со прилози на 48 страни.

Во дисертацијата е дадена опширна анализа на учебниците од зафатениот период (букварите и читанките). Особено внимание докторандот посветил на анализата на делата од македонските учебникари.

ЗАБЕЛЕШКА:

1. Прегледот на дисертациите е од информативен карактер, а доколку има општа оценка за дисертациите, тие се земени од извештаите на рецензионите комисии.

**П. Митрески**

# ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ИСТОРИСКИОТ АРХИВ ВО ОХРИД

Општо земено, во СРМ за архивската служба може да се зборува само по ослободувањето на нашата земја.

Скапоцена архивска граѓа, ракописни книги и други документи од бурното минато пропаѓаа или со цел беа уништувани, а повеќето се однесени во други земји. По ослободувањето на нашата земја, одговорните фактори, сакајќи да ја заштитат архивската граѓа, постепено почнаа да донесуваат разни прописи, наредби и решенија, а на

крајот се донесоа позитивни законски прописи од областа на архивистика. Благодарејќи на сите прописи и желбата на власта да се заштитат архивалиите, во СРМ, за релативно кратко време, се формираа 10 архиви кои и многу успешно ја вршат својата културна улога — во прибирање и заштитување на архивската граѓа — како незаменливи извори за пишување на нашето историско подалечно и поблиско минато.

И по ослободувањето неодговорно се уништуваше архивската граѓа, поради немање на суровина за обработување на хартија.

На иницијатива на Архивскиот совет на НРМ, и по наложената потреба за заштитување на архивската граѓа од укинатите околии и општини (Кичево, Дебар, Струга, Ресен), новоформираниот Околиски одбор, увидувајќи ја потребата за свој Историски архив, одлучија да формираат своја посебна установа. Архивот е основан на 21.XI.1955 год. Најпрво Архивот бил архивско средиште. Таа улога ја имал скоро три години. Во тоа време работеа нестручно само два службеници.

Во почетокот сосема скромни, речиси и без свои средства, немање на простории и кадар, а и недоволно разбирање, претставуваа само еден дел во низа потешкотии со кои Архивот се судрувал. Од 1958 год. Архивот има свој буџет и до денес делува како самостојна установа. Напоредно со наголемувањето на средствата нарасна и бројот на службеници, а со тоа се проширија и задачите и другите активности.

Во Архивот во оваа година работаат 10 работници од кои 2 со високо образование, а другите со средно. Сите работници го имаат положено стручниот испит и се добри познавачи на својата работа. Своите задачи Архивот ги врши преку организираните три служби: Класификација и систематизација на архивските материјали, истражување на арх. граѓа и посета на регистратури и општа служба.

Територијалната компетенција на Архивот се простира во сегашните општини: Дебар, Струга, Охрид, Кичево и Ресен. Со укинувањето на Околијата, истите компетенции територијални ги има овој Архив, со исклучок на Македонски Брод, кој е приклучен кон Прилеп. Сите собранија донесоа позитивни решенија за формирање на заеднички историски архив со седиште во Охрид.

### Заштитување на архивската граѓа

Покрај многу важната истражувачка работа, која се состои во прибирање на стари архивски материјали, Архивот врши заштита на таканаречениот регистратурски материјал што се создава во денешните работни организации. Таа задача на Архивите им е поверена и се задолжени за извршување и со Законот за архивската граѓа и архивите. Со попис на „живите" регистратури се почна уште во 1959 год. Тогаш постоеја 872 раб. организации. За сите нив не се направени посебни записници, но беа само регистрирани. За секоја работна орга-

низација се води посебна картотека каде се забележени податоците од кога постои установата-организацијата, на кој начин го чува материјалот и да ли е среден. Бројот на работните организации е намален и сé повеќе се намалува, бидејќи околијата се укина, а од друга страна многу работни организации се фузионираат, ликвидираат. Така, според нашата последна евиденција во 1966 год. имаме 641 регистратура од кои: претпријатија и фабрики 173, задруги и социјални установи 33, културно-просветни установи и училишта 220, управно-правни и финансови 63 и општествено-политички организации 132.

Архивските материјали општоземено слабо се чуваат. Практиката покажа дека по нашите интервенции и постојани посети, заемни помагања, казнени и други мерки скоро кај сите работни организации, некаде во поголема мерка, а некаде во помала, постигнати се значајни резултати во чување на архивските материјали кои во иднина ќе имаат историска вредност и ќе станат сопственост на Архивот.

Посебно и сé уште отворено е прашањето за шкартирање на арх. материјали во работните организации кои се оптоварени со баласт на непотребни арх. материјали. Како што е најавено за сето тоа во најскоро време ќе се донесе сојузно поопширно упатство за шкартирање. Во текот на минатата година со административните работници во регистратурите поодделно во сите општини одржавме семинари за правилно водење на администрацијата. Такви работни состаноци со ракувачите на архивите сметаме да одржиме и оваа година и тоа во Охрид, Струга, Дебар, Ресен и Кичево.

Прашањето на простории е општојугословенски проблем. И охридскиот архив нема доволно простории за чување на архивските материјали. Затоа во Ресен и Кичево се формирани два собирни центри, со цел да се прибираат материјалите од тие општини, бидејќи кај нашиот архив нема место за сместување. Потребно е ова прашање на ниво од Република да се решава, оти навистина нема можности сами архивите да се борат за простории.

## Прибрани архивски фондови

Од почетокот на делувањето на Архивот до денес прибрани се 233 архивски фондови и збирки. Најкомплетни постари фондови се: Срески суд Кичево 1922 — 1946 год., Вакуфско поверенство Охрид 1911 — 45 год. Технички одељак среза Охрида 1918 — 45 год. Вевчанска парохија 1898 — 1945 год. Хидробиолошки завод Охрид 1934 — 1950 год. Среско удружење занатлија у Охриду 1923 — 45 год. Архиерејско намесништво во Охрид 1911 — 1944 год. Среско вакуфско поверенство Дебар 1920 — 44 год. ПТТ и Царинарница во Охрид (турско време), Дебарско теќе, Трговачко-обавештајни Инкасо завод Београд за Охрид 1924 — 1941 год. и др. Другите фондови повеќе се однесуваат на архивите од ослободувањето на нашата земја и тоа од 1944 — 1962 год. Главно се однесуваат за развојот на народната власт, одборите, просвета, стопанство, политички организации и дру-

го. Од наведените, како одделна збирка, секако би требало да се изнесе дека Архивот располага со голем број на ориентални документи и ракописни и печатни книги, кои се пишувани на турски, арапски и персиски јазик. Документите главно се: фермани, берати, бујурлдији, повели, худжети, мураселе чивчиски уговори, молби, преставки, жалби, па разни трговски, приватни и државни писма и др. Сите документи се поврзани и се однесуваат за територијата кај што делува Архивот. Поради тоа за проучување на нашиот крај за тој период без овие турски документи не би можело да се расветлуваат низа интересни настани. Ракописните книги кои се пишувани на убав стил од ориенталните јазици си имаат своја вредност, дотолку повеќе што некои ги имаат пишувано можеби и наши луѓе од овие краишта, а некоја книга и се однесува за овој наш крај, но ние сѐ уште незнаеме што сѐ содржат.

Секако најинтересни се материјалите од приватните семејства кои се однесуваат за 19 век, па сѐ до 1944 год. Такви видни семејства кои во свое време биле трговски и политички сили се: Огњенови, Германови, Дејковци од Вевчани, Гоџовци од Струга, Чакаревци од Струга, Илијаз Исмаил Дејар од Охрид, Милевци од Струга, Милоски од Ресен и други.

Наведените архивски и други материјали постепено ги средуваме. Сега се средени скоро сите архивски материјали од околиите Охрид, Дебар, Струга и Кичево и тие веќе можат да се користат. Архивот во секое време на многу заинтересирани научни и културни работници им пружа материјали, за да ги пишуваат своите трудови.

Идните резултати и работи ќе зависат многу од заедничкото финансирање од сите општини кои го основале Архивот, а потешкотии во тоа секогаш ќе има, но постепено ќе мораат да се пребродуваат. Така Охрид се здоби со уште една културна институција, која на свој начин го оправдува секогаш своето постоење.

**И. Маневски**

## КАКО РАБОТИ СЕКЦИЈАТА МЛАДИ ИСТОРИЧАРИ ПРИ ГИМНАЗИЈАТА „СЛАВЧО СТОЈМЕНОВ" ВО Ш Т И П

Слободните активности како составен дел на наставата се од голема важност и дел од нашата современа педагошка практика. Со општиот закон за школство и со интенциите на наставниот план и програма за училиштата од прв и втор степен, слободните активности станаа составен дел на училишниот живот, една од формите за проширување, дополнување и збогатување на наставата.

Иако немаме голема традиција во споредувањето на слободните активности, иако нѐ дели кус временски период од воведувањето на организацијата на слободните активности во нашата наставна практика, се согледуваат, иако скромни во почетокот, извесни резултати.

Учениците сами се определуваат во која слободна активност ќе